Univerzitet „Sveti Kiril i Metodij“

M A [ I N S K I   F A K U L T E T ‡ Skopje

**Година 2001, декември, број 1**

# Ф А К У Л Т Е Т С К И   И Н Ф О Р М А Т О Р

## Воведно обраќање

Ова е скромен обид да видиме дали ваков информатор му недостига на Машинскиот факултет. Засега се одлучивме да го издаваме еднаш месечно, последниот четврток, како и по потреба. Формата, содржините и се друго е слободно. Затоа се добредојдени сите забелешки, идеи сугестии...

Особено се добредојдени инвентивни соработници. Она што е несомнено присутно е целосната подготвеност на сите служби во факултетот да сторат се овој информатор да им служи на потребите на сите вработени. Содржината на информаторот ќе биде непрекинато поставена и на интернет страната на Машинскиот факултет.

Да си посакаме среќа.

Милан Ќосевски

## НАГРАДА

Продеканот за настава, проф. д-р Миколај Кузиновски доби награда за најдобро оценет научно истражувачки проект завршен во 2001 од страна на Министерството за образование и наука.

Наградата е добиена за проектот: "Современи методи на истражување на карактеристиките на тродимензионалната геометриска структура на обработената површина"

Искрени честитки и желба за понатамошна успешна работа.

## WEB СТРАНА НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

WEB страната на Машинскиот факултет www.mf.ukim.edu.mk официјално стартува со работа. Таа е изработена од страна на проф. д-р Аристотел Тентов. Новина е што ќе биде хостирана на web сервер кој се наоѓа во сметачкиот центар, а со нејзиното понатамошно одржување, надоградување и сервирање ќе работат стручните соработници во Сметачкиот Центар, Манџуковски Тони и Рошков Борис.

Сите коментари, дополнувања и мислења слободно пратете ги на e-mail: webmaster@ereb1.mf.ukim.edu.mk

## ВЕЧЕР НА ДРУЖЕЊЕ

Четврток, 13.12.2001 во диско-теката ЕЛЕМЕНТ се одржа вечер на дружење на вработените од МФС. Таа започна во 20.00 и траеше до 23.00. а потоа продолжи како диско вечер со диџејот Драган Б. Костиќ. Од вкупниот број за вечерта се пријавија 87, а присуствуваа 50 вработени.

Идејата за вакви средби наиде на добар прием.

Организационен одбор

## ОТСУСТВА

1. Проф. д-р Томислав Златановски, стручен престој во Германија
2. Проф. д-р Александар Ношпал, боледување. Му посакуваме побрзо оздравување.
3. М-р Зоран Марков, отслужување на воен рок.

## ДОКТОРИРАНИ 2001

| | |
|---|---|
| 1. Валентино Стојковски | 12-11-2001 |
| 2. Радмил Поленаковиќ | 14-12-2001 |

## МАГИСТРИРАНИ 2001

| | |
|---|---|
| 1. Зоран Марков | 19-07-2001 |
| 2. Ана Лазаревска | 18-10-2001 |
| 3. Искра Ветаџокоска Спасова | 24-12-2001 |

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

*

**27.12.2001**
13 СЕДНИЦА НА ННС

*

**28.12.2001**
10:00, Сала за конференции
СВЕЧЕН КОКТЕЛ ПО ПОВОД НОВОГОДИШНТЕ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ

*

**08.01.2001**

ПРВ РАБОТЕН ДЕН
ВО НОВАТА ГОДИНА

*

**17.01.2001**
14 СЕДНИЦА НА  ННС

*

**15.02.2002**
ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ

*

СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ЧЕТВРТОЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА

**ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ**

**Техничко уредување:**
Тони Манџуковски
Борис Рошков

*
**
****
*****
*
*

***СРЕЌНИ***

***НОВОГОДИШНИ***

***И***

***БОЖИЌНИ***

***ПРАЗНИЦИ***